Друштво за производство,трговија и услуги ВЕНИКОМ СОФТВЕР ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 05-502/25
22.10 2025 год.
СКОПЈЕ

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА
INSTITUCIONI PUBLIK SHENDETESOR KLINIKA UNIVERSITARE PER DERMATOLOGJI
Бр.-Nr. 05-564/19
22.10 2025 год.-viti
СКОПЈЕ SHKUP

**Д О Г О В О Р**

**за набавка на услуга**

**ОДРЖУВАЊЕ НА АПЛИКАТИВЕН СОФТВЕР**

Склучен на ден _____________ помеѓу:

**1.ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА- СКОПЈЕ,** ул.Мајка Тереза Скопје со даночен број 4030007645580 претставуван од Проф.д-р Катерина Дамевска како договорен орган во понатамошниот текст, од една страна и

**2.ВЕНИКОМ СОФТВЕР ДООЕЛ**,**Скопје** Ул.Варшавска 4-2/18, Скопје со даночен број 4030006594183 и ЕМБС 6112447претставуван од директорот Илија Данилов како носител на набавката во понатамошниот текст, од друга страна.

**1. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на услуга - **ОДРЖУВАЊЕ НА АПЛИКАТИВЕН СОФТВЕР** согласно оглас бр. 01/2025 и тендерската документација за потребите на ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА**.**

Договорниот орган нарачува од носителот на набавката да ги набави и изврши услугата согласно понудата, со квалитет и технички карактеристики содржани во спецификацијата, кои се составен дел на документацијата што ја приложи носителот на набавката при давањето на понудата.

Рокот на времетраење на договорот почнува да тече со денот на заверката на договорот во евиденција на договорниот орган и изнесува 730 дена.

**2. ЦЕНА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

Член 2

Вкупната цена на договорната јавна набавка за **ОДРЖУВАЊЕ НА АПЛИКАТИВЕН СОФТВЕР** изнесува **1.200.000,00** денари за кој договорниот орган е согласен за извршенета услуга од член 1 од овој договор да ја плати на носителот на набавката во која цена не е содржан и пресметаниот данок на додадена вредност.

Износот на данокот на додадена вредност изнесува **1.416.000,00** денари. Данокот на додадена вредност е променлива категорија и ќе зависи од законската регулатива.

Договорниот орган е согласен плаќањето да го изврши паушално на 24 еднакви рати, односно **50.000,00** денари без ДДВ, месечно по доставување на фактура за тековниот месец во рок од 15 дена од денот на завршување на месецот, односно приемот на фактурата.

Цените се фиксни за целото времетраење на договорот.

Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнава листа на цени:

| Ред. бр. | Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | • ОДРЖУВАЊЕ НА АПЛИКАТИВЕН СОФТВЕР | месец | 24 | 50.000,00 | 1.200.000,00 | 1.416.000,00 |
| ВКУПЕН ИЗНОС: | | | | | **1.200.000,00** | **1.416.000,00** |

Носителот на набавката се обврзува да го одржува апликативен софтвер согласно техничката спецификација и тоа:

Во моментот на клиниката ги има следните модули:

- приемно оделение
- амбуланата
- стационар
- материјална евиденција
- испис на лекови и материјали по досие
- фактурирање
- спецификација на системот
- финансово работење
- водење на картици за основни средства и ситен инвентар
- благајна
- електронски вирмани
- персонална евиденција и организација на амбулантско работење

Сите модули се компатибилни на Windows оперативен систем, мрежно се поврзани и имаат можност за понатамошно надградување, одржување и сервисирање на наведените модули во смисла на надоградба и промена на законска регулатива.Надоградувањето на наведените модули потребно е да се извршува без надомест.

Економскиот оператор се обврзува дека услугите ќе ги извршува сукцесивно на барање на договорниот орган во рок од 24 часа од доставување на писменото барање.

Под ОДРЖУВАЊЕ се подразбира обезбедување на непречено функционирање на модулите како и нивно надградување согласно законските прописи.

**Сите модули од апликативниот софтвер се изработени од економскиот оператор ВЕНИКОМ СОФТВЕР ДООЕЛ Скопје, за кој што не го поседуваме односно го немаме откупено изворниот код.**

## 3.РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Носителот на набавката се обврзува рокот на извршување на договорот, односно динамиката на извршување на услугата на договорниот орган да биде сукцесивно на повик,

според писменото барање што ќе го доставува договорниот орган според неговите потреби и можности во рок од 24 часа од доставувањето на барањето.

## 4. НАЧИН НА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Договорените страни се согласни да го исполнат договорот на начин предвиден со договорот и позитивните прописи.

Член 5

Доколку договорот неправилно се исполнува или дојде до пречекорување на договорните рокови, како и за други недостатоци, виновната странка е во обврска на другата странка да и ги надомести претрпените штети.

Договорената казна не може да надмине 10% од вкупната цена определена со член 2 на овој договор.

## 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 6

Овој договор се смета за склучен со денот на неговото потпишување од двете договорени страни .

Договорот може да се раскине пред неговото извршување само договорно од двете страни, под услови предвидени со Законот за обликациони односи.

Ако нешто не е изрично одредено со овој Договор за двете договорени страни важат одредбите од Законот за облигациони односи

Член 7

Во случај на спор кој не може да се реши договорно помеѓу странките ќе решава надлежниот суд.

Член 8

Овој договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои по 3 (три) за секоја договорна странка.

**Договорни странки**

**ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА СКОПЈЕ**

**В.Д Директор,**

**Проф.д-р Катерина Дамевска**

**ВЕНИКОМ СОФТВЕР ДООЕЛ СКОПЈЕ**

**Директор,**

**Илија Данилов**